Јавно претпријатие за комунални работи
„СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА
Бр. 01-880
10/12/15 год.
ВИНИЦА

П Р О Г Р А М А

ЗА РАБОТА НА ЈП"СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА
ЗА 2016 година

А) Во делот на **ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ** како претежна дејност се планираат следните активности:

- Тековно одржување на водоводната и канализациона мрежа во градот Виница, село Јакимово, а село Трсино, с. Драгобраште и с. Пеклани само водоводната мрежа.
- Тековно одржување на електромашинската опрема и опремата за комплетна автоматизација и компјутеризација на технолошкиот процес на преработка на вода за пиење, набавка на потребните реагенси (алуминиум сулфат, хидрантна вар, полиелектролит, натриум хипохлорид, гасен хлор), редовно чистење на површинскиот захват над село Градец и на доводните цевководи. Испирање на градската водоводна мрежа согласно Правилникот за безбедност на водата за пиење.
- Барање на финансиски средства за изградба на системот за повторно враќање на водата од испирање на филтрите во процесот на преработка и нејзино искористување.
- Реконструкција на водоводна мрежа Ф 200 мм од бунар Дончово кладенче до улица 2008 во новата индустриска зона во должина од 300 метри.
- Продолжување со реконструкција на градската водоводна мрежа за следните улици: "Раде Кратовче","Капетан Кирчо Димитриов" 150 метри, "Маршал Тито" од Галеријата Венеција до бурекчилница Камел во должина од 200 метри, "Крушевска Република" од раскрсницата со улица "Партизанска" во должина од 400 метри, улица "11 ти Октомври" од Виничка река во должина од 70 метри и други улици каде има азбестно - цементни цевки.
- Довршување на фекалната канализација во село Пеклани.
- Изведување на водоводна и канализациона мрежа согласно урбанистичките планови на градот и селските населби и програмата на ЕЛС Виница.
- Решавање на проблемот со реконструкција на дел од водоводната мрежа во село Јакимово (доколку се обезбедат финансиски средства за таа намена).
- Спојување на водоводната мрежа од село Крушево со село Драгобраште.
- Соработка со Санитарниот инспектор околу исправноста на водата за пиење на територијата на градот Виница.
- Изработка на идејни проекти и елаборати од областа на водоснабдувањето, канализацијата и заштитата на животната средина, како инвестиционо - техничка документација за барање на финансиски средства од домашни и странски извори на финансирање (мини пречистителни станици за отпадни води за с. Блатец, с.Трсино.
- Изградба на нови таложници во склоп на Фабриката за преработка на вода со уште едно дополнително филтерско поле за кое што е направен проект и е аплицирано во Министерството за транспорт и врски.

- Понуда на проект за обезбедување финансиски средства за изградба на водоводна линија согласно урбанистичкиот план на градот за населба кон село Лески и поврзување на селото Лески на градската водоводна мрежа.На истата линија ке биде поврзана и новата индустриска зона.

- Поставување на манометри на главните водоводни линии заради евидентирање на притисокот во градската мрежа и замена на дотраените затварачи.

- Набавка на дозир пумпи за хлор за селските водоводи.

- Набавка и поставување на фотоелектрични панели со потребна автоматика за хлорирање на селските водоводи каде нема приклучок на електрична енергија.

- Набавка и поставување на дозир пумпи за хлор во населените места каде што има приклучок на струја.

- Микро акумулации за вода за пиење за с. Крушево со с. Драгобраште и с. Трсино

- Завршување на изградба на филтер во с. Крушево

- Поставување на мерачи за проток и регулатори на притисок, на главните водоводни линии.

- Довршување на Скада системот за следење на водоводниот систем.

- Изградба на нов доводен цевковод од зафатот во с. Градец до Филтер станицата и изградба на мини хидроцентрала на вишокот на вода од Филтер станицата по пат на ЈПП.

- Ажурирање графички и нумерички податоци за водоводната и канализациона мрежа, врз геодетски и урбанистчки подлоги, односно компјутерска изработка на подземен катастар и формирање база на податоци корисни за потребите на претпријатието.

- Превземање на селските водоснабдителни системи од страна на ЈП Солидарност.

Програмска цел и определба во делот на водоснабдување ќе ни биде стремежот за намалување на загубите и нивно сведување на минимум.

Б) Во рамките на **РЕ Градежна оператива** ги планираме следните активности:

1.Од областа на одведување на отпадни урбани води во градот Виница и одредени населени места во Општината, предвидени се следните објекти со чија изведба ќе се зокружат одредени функционални целини а со тоа ќе се подобри квалитетот на живеење на месното население:

Во градот Виница

- Надворешна фекална канализација под археолошки локалитет„Кале“
- Надворешна фекална канализација на ул„Илинденска“ (кај „Лала Монтана“)
- Одведување на атмосферски води од ул.„Првомајска“
- Реконструкција на надворешна фекална канализација - колектор на потегот од поранешен „Југотутун“ до испуст кај „Винка“
- Одведување на вишок на отпадни води од ул.„К.Република“
- Изработка на решетки за одведување на атмосферски води во Виница

- Изработка на студија и проект за пречистителна станица за отпадни води која ќе биде од регионален карактер заедно со Општина Кочани.
- Санирање на шахти од фекална канализација и ударни дупки и др.

Во населените места во Општина Виница

- Надворешна фекална канализација во Блатец м.в. Алимка
- Продолжување на колекторот во село Пеклани
- Продолжување на фекалната канализација во село Трсино
- Доградба на фекална канализација во село Јакимово
- Изградба на фекална канализација во село Драгобраште маало „Чукарлии“
- Изградба на минипречистителни станици за отпадни води во поголемите населени места

2. Во делот на водоснабдувањето на населението со здрава вода за пиење и за други потреби, врвен приоритет на ЈП „Солидарност“- Виница, Општината и поширокаата општествена заедница и едновремена програмска определба за 2016 година. Во прилог на погорекажаното предвидени се следните објекти и активности кои треба да се реализираат:

Во градот Виница

- Реконструкција на водоводни линии на следните улици: „Кап. К. Димитриов“, „Маршал Тито“„К.Република“ и„11ти Октомври“
- Припојување на водоснабдителен систем на Виница со водоснабдителниот систем на населено место Лески и поврзување на ТИРЗ- от „Поповец“
- Доградба на фабриката за преработка на вода за пиење во Виница

Во населените места во Општина Виница

- Изградба на резервоар во село Грлани
- Изградба на филтер станица во село Трсино
- Изградба на миниакумулација за село Крушево
- Реконструкција на водоводна мрежа во село Јакимово
- Реализација на втората фаза од реконструкцијата на водоводната мрежа во градот Виница
- Поврзување на бунар„Дончево Кладенче“ со постоечката водоводна линија на улица „2008“.

3. За подобрување на севкупното живеење во градот Виница и населените места во Општината, планирани се следните активности и објекти:

- Изработка на 5 автобуски постројки во одредени населени места
- Изработка на ограда на мост во маало „Мирмарци“
- Санација на мост во село Драгобраште маало „Чукарлии“
- Потпорен ѕид во село Трсино (кај гробиштата)
- Изградба на потпорни ѕидови во Градот
- Изградба на тротоари со бехатон плочки
- Уредување на детски игралишта во Градот и населените места во Општината
- Изгарадба на потпорен ѕид кај „Горна чешма“
- Уредаување на мостовите кај „Бојаџиски бунар“
- Уредување на паркинг кај градскиот стадион - Виница

4. Во насока на заштита и унапредување на животната средина а во рамките на планираните активности на Министерството за животна средиона и просторно планирање (МЖСПП), предвидено е затворање на градската депонија за комунален отпад, која ќе биде една од обврските на Општината и на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност"- Виница.

5. Осовременувањето на возниот парк на ЈП„Солидарност"- Виница е од секогаш врвен приоритет и програмска определба и за наредната 2016 година. За таа цел е предвидено набавка на ровокопач - утоварувач за потребите на ЈП „Солидарност" за изведување на земјани и други работи, кој треба да биде набавен со помош на грантот за успешност од проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2.

В) Во РЕ „Паркови и Зеленило" се планирани следните активности:

I Одржување на јавни површини

- Одржување на сите јавни површини опфатени со зеленило во градот;
- Одржување на градскиот парк, булеварот, зеленилото на стариот плоштад и други зелени површини во градот;
- Одржување на теренот на градскиот стадион (вадење, косење и и одржување на хигиената на трибините);
- Одржување на забавните паркови за деца во градот;
- Повремено одржување на јавни површини во другите населени места во Општина Виница.

Со оваа Програма за одржување на градско зеленило, се предвидуваат обемот на предвидените работи и работни задачи, потребниот број на вработени, предвидени средства за работа и динамиката на реализацијата на предвидените средства за работа и динамиката на реализацијата на предвидената програма.

КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД НА ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАД ВИНИЦА

Површини под трева	M^2	34.000
Цветни површини	M^2	700
Зимзелени дрвја	Бр.	150
Листопадни дрвја	Бр.	350
Зимзелени грмушки	Бр.	50
Листопадни грмушки	Бр.	50
Жива ограда	М	1500
Ивици долж парковски патеки	М	2500
Поплочени патеки	M^2	3500
Фонтани и чешми	Бр.	9
Клупи	Бр.	150

1 Тревни површини за кои се однесува одржувањето се: Градски парк, Булевар, Градски стадион, триаголници на улиците: Никола Карев, Илинденска и Партизанска, стар Градски плоштад, тротоар по течението на Градечка река и др.

2 Цветни површини:Градски парк, триаголници на улиците: Никола Карев, Илинденска и Партизанска, стар Граски плоштад, стар Градски парк (Александар парк) и др.

3 Зимзелени дрвја: Градски парк, Булевар и триаголници.

4. Листопадни дрвја: Градски парк, Булевар, улиците : Партизанска, Љупчо Сантов, Кеј 30 –ти Август, Ангел Винички и Димитар Влахов.

5. Жива ограда: Градски парк и Булевар.

6. Клупи: Градски парк, Булевар, улиците: Партизанска и Љупчо Сантов

7. Други површини во градот и други населени места во општина Виница.

ПРЕГЛЕД НА ОДРЖУВАЊЕНА ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАД ВИНИЦА

Р.бр	Вид на работа	Квалификација	Единична мерка	Количина	Пати во 1 годоина	Вкупно
1	Рачно косење	ПК	M^2 10%	3400	12	40800
2	Гребење трева пред машинско косење	НК	M^2	34000	3	102000
3	Машинско косење	КВ	M^2	34000	12	102000
4	Собирање трева	НК	M^2	34000	12	102000
5	Изнесување трева со количка	НК	M^2 30%	10200	12	122400
6	Рачно полевање на вегетација	НК	M^2	920	40	36800
7	Собирање трева со изнесување	НК	M^2 50%	1700	9	15300
8	Сечење на ивици по парковски патеки	НК	M^2	2500	5	12500
9	Садење сезонско цвеќе	КВ	M^2	700	2	1400
10	Прашење на цветни површини	КВ	M^2	700	4	2800
11	Кроење на жива ограда	КВ	M^2	4500	4	18000

12	Окопување на жива ограда	ПК	M^2	3000	4	12000
13	Окопување на дрвца и грмушки	ПК	Бр.	600	2	1200
14	Полевање рачно	ПК	M^2	1020	20	20400
15	Метење поплочени патеки	НК	M^2	3500	298	1147300
16	Собирање хартија и отпад	НК	M^2	15000	298	4470000
17	Варосување на дрвца	НК	Бр.	500	2	1000
18	Чистење на снег од патеки	НК	M^2	3000	по потреба	

II Предвидени нови работи

- Изградба на фонтана во градскиот парк;
- Уредување на речното корито на потегот пред градскиот парк (sидање со украсен камен од мостот кај базентот до мостот на ул. "Браќа Миладинови" и нова декорација на мостот кај Александар парк);
- Доуредување на Градскиот парк (поплочување на нови и недовршени патеки, поставување соларни светилки до секоја клупа, замена на оштетени клупи, канти;
- Изградба на детски забавен парк, односно, докомплетирање на постоечкиот;
- Реконструкција на фонтаната на стариот плоштад;
- Реконструкција на триаголниците на улиците Илинденска и Никола Карев со нови цветни аранжмани;
- Изградба на летниковец на триаголникот на улица „Никола Карев".

Г) Управувањето со православните градски гробишта опфака активности кои се одвиваат во континуитет и тоа:

1. Редовно одржување на комуналната хигиена во гробиштата и
2. Бетонирање на плато за гробни парцели и пристапни патеки до самите гробни парцели.

1. Одржувањето на комуналната хигиена се врши со извршување на следните активности:

- Метење на заедничките прометни површини (патеки, влезови, тротоари) во и околу првославните гробишта
- Собирање на сметот кој што го исфрлаат лицата кои ги посетуваат местата каде се погребани блиските роднини и членови од потесното семејство. Сметот се депонира во канти што се поставени на самите влезови во гробистата а потоа со возила се депонираат на градската депонија

За зачувување на околината во гробиштата и да се одбегне неконтролирано фрлање на отпадоци на одредени места се поставени метални канти за ѓубре што редовно се празнат.

Во градските гробишта на посебни места оставени за таа намена се врши засадување на цвеќиња кои редовно се окопуваат и наводнуваат.

За наводнување на цвеќињата и живата ограда во гробиштата се поставени четири чешми и истите се користат од граѓаните кои ги посетуваат гробиштата.

Во одржувањето е опфатено и редовно косење на тревата и сечење на диви израснати дрвја, што особено се врши во стариот дел од гробиштата, кроење на жива ограда засадена на источниот дел од гробиштата, како и кроење на трендафили и други украсни дрвца. По потреба се планира одржување и на селски гробишта во неколку населени места во Општина Виница.

2. За порационално искористување на просторот се врши бетонирање на истиот за искористување на максимум просторот за гробни парцели.

Бетонирањето го вршат наши работници од градежната оперативa и тоа се врши по потреба.

Од страна на ЈП,,Солидарност,, во Програмата за 2016 година е предвидено реконструкција на канализационата мрежа од црквата до главната линија и реконструкција на патеката што води до Црквата.

Во идната 2016 година се планира делумно оградување на Христијанските гробишта со поцинкувана мрежа од западната страна на гробиштата, изградба на нова чешма на западната страна на новиот дел од Градските гробишта и уредување на ново обезбедените 1.000 $м^2$ каде ќе се погребуваат починати лица во 2016 година.

Во текот на 2016 година ќе се вршат Оџачарски услуги, за што имаме донесено Одлука на Управен одбор на ЈП и добиена Согласност од Советот на Општина Виница.

ЈП СОЛИДАРНОСТ ВИНИЦА
ДИРЕКТОР
Игор Спасовски

ЈП“СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
Бр. 02-888/2
11.12.2015 год.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП“Солидарност“-Виница, управниот одбор на ЈП“Солидарност“-Виница на седницата одржана на ден 11.12.2015 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување Програма за работа на
ЈП Солидарност-Виница за 2016 година

чл.1
Се усвојува Програма за работа на ЈП Солидарност-Виница за 2016 година.

Управен одбор
Претседател
Љупчо Јанкулов
_____